Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

Извадок на ден од дневни настани 04.06.2021

Од 00.00 часот до 04.00 часот (04.06.2021) констатирано е дека 12 лица не ја почитувале забраната за движење. Во текот на изминатото деноноќие (03/04.06.2021) пак, на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 142 прекршоци.

На 04.06.2021 во 00.20 часот на подрачје на Гази Баба, од полициски службеници од СВР Скопје од слобода бил лишен Д.Т.(30) од Скопје. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени марихуана, прашката материја, дигитална вага и други предмети. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.06.2021 во 13.45 во Полициската станица Прилеп, од Казнено – поправната установа Затвор Прилеп било пријавено дека при претрес на пратка наменета за лицето Н.Т. била пронајдена марихуана. Од страна на полициски службеници дрогата била одземена и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.06.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена засилена контрола во областа на сообраќајот, при што било констатирано дека 32 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената, 11 возачи управувале возило без возачка дозвола, еден возач разговарал на мобилен телефон и едно возило било со измината регистрација. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

Во текот на вчерашниот ден (03.06.2021) Секторот за внатрешни работи Велес спроведе акцисна контрола за санкционирање на прекршоци што ги чинат возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 78 возачи. Од нив, 43 возачи не користеле заштитна кацига за време на возење, а санкционирани се и други прекршоци.

На 03.06.2021 околу 10.00 часот во СВР Велес било пријавено дека на крстосницата од ул.„Браќа Кошулчеви" и ул.„Кирил и Методиј" во Велес, З.П. (63) од Велес управувајќи трактор „имт" со приколка со велешки регистарски ознаки изгубил контрола и удрил во ѕид.. Во незгодата, сопатникот Г.Ц.(59) од Велес се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Велес. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Велес.

На 03.06.2021 во 17.45 часот во СВР Скопје, К.Д.(27) пријавил дека на бул. „Кочо Рацин" бил каснат од куче скитник.

На 03.06.2021 во 14.50 часот во СВР Скопје, Х.И.(25) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански" бил каснат од куче скитник.

На 03.06.2021 во 12.00 часот во СВР Скопје, Ј.Н.(64) од Скопје пријавила дека на бул.„Словенија" била касната од куче скитник.

ОВР Берово поднесе кривична пријава против Г.Б.(50) од Берово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба". Пријавениот, на 24.12.2020 на место викано „Клепало" во Берово, во парцела сопственост на РСМ извршил бесправна сеча на буково стебло.

СВР Штип поднесе кривична пријава против П.С.(30) од Струга, П.Т.(41) од Свети Николе, Д.С.(35) од Крива Паланка, С.Т.(61) и И.Е.(40) од Свети Николе поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Пријавените, во периодот од декември 2020 до февруари 2021 година остварале контак со три лица од Штип, Струмица и Пробиштип користејќи лажни „Фејсбук" профили, а откако ги дознавале нивните лични податоци ги искористувале за добивање брзи кредити преку електронско аплицирање во финансиски друштва. Оштетените биле доведувани во заблуда дека паричните средства кои по одобрување на кредитот им легнувале на нивните сметки, со наводна помош од роднини на пријавените за лекување на болно дете, кои парични средства оштетените по налог на пријавените ги ваделе од нивните трансакциски сметки, а потоа им ги испорачувале преку лица кои претходно биле ангажирани. На тој начин тие се стекнале противправна имот на корист од 342.100 денари.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против Д.А.(38) од с.Јаргулица, радовишко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 19.02.2021 полициски службеници извршиле претрес на дом и други простории на пријавениот, при што пронашле ловна пушка и 13 ловни патрони за кои не поседувал документација.

ОВР Делчево поднесе кривична пријава против Б.А.(41) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 30.07.2020, полициски службеници извршиле преглед во патничко возило на пријавениот, при што пронашле марихуана.

На 03.06.2021 во 08.05 часот во СВР Скопје, А.Г.(46) од с.Петровец од ЈКП Петровец, пријавил дека во неговата канцеларија бил физички нападнат од неколку лица поради несогласување околу закуп на тезги на пазарот во с.Петровец. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.06.2021 во 08.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје ја пронашле М.Ж.(42) од Скопје за која на 01.06.2021 нејзиниот сопруг З.Ж. пријавил дека се оддалечила од домот.

На 03.06.2021 во 19.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Стајковци, поради меѓусебно нетрпение, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Г.А.(42) и А.К.(39), двајцата од с.Стајковци. Сочинет е записник за констатиран прекршок.
На 03.06.2021 во 22.20 часот во СВР Скопје, И.С.(29) од Скопје пријавил дека на ул.„Јани Лукровски" бил каснат од куче скитник.

СВР Штип, СВР Охрид и СВР Битола поднесоа кривични пријави против Б.К.(53) од Берово, Ј.В.(27) од с.Чифлик - о.Чешиново-Облешево, Љ.Ј.(43), Б.С.(37), О.М.(31), К.Л.(38), А.Б.(34) од Охрид и С.М.(39) од Србија поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". Пријавените, во период од 18.05. до 30.05.2021, се движеле без дозвола за движење за време на ограничувањата дадени од страна на Влада на РСМакедонија за забрана за движење на возила и лица.

ОВР Ресен поднесе кривична пријава против О.М.(35) од Ресен поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 02.05.2021, полициски службеници извршиле контрола и не го пронашле пријавениот во својот дом и покрај тоа што бил лабораториски потврден позитивен случај на Ковид 19.

На 04.06.2021 во 09.15 часот во реонот на селото Јојане, општина Липково, поточно кај местото викано „Шорта", полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Сопот пронашле пет лица мигранти (двајца од Индија и три од Пакистан). Притоа, бил извршен преглед на теренот и биле пронајдени еден пиштол „Зораки" со една рамка со четири куршуми, два ножа, два мобилни телефони и полначи за мобилни телефони. Мигрантите и предметите биле предадени на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 03.06.2021 околу 13.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред продавен објект на ул.„398", сопственост на браќата А.М.(43) и Р.М.(42), Н.Р. со патничко возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки го удрил А.М. и му нанел тешки телесни повреди, по што со возилото удрил во вратата на објектот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.06.2021 во 22.50 часот во Полициската станица Центар, Л.С.(55) пријавил дека на 03.06.2021 година во периодот од 19.15 до 20.10 часот на ул.„Филип Втори Македонски", од патничко моторно возило „форд"непознат сторител му одзел пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.06.2021 во 23.15 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека кај нив со убодна рана од остар предмет бил донесен С.Х.(40). Според него и неговиот пријател Н.Ц.(41), во парк во Чаир, три лица со остар предмет го нападнале С.Х.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.06.2021 во 12.05 часот во Полициската станица Аеродром било пријавено дека во својот дом на ул.„Владимир Комаров" починал М.Б.(20) од Скопје. Сирт констатирал лекар од Итна медицинска помош, а по наредба на Јавен обвинител телото било дадено на обдукција.

На 03.06.2021 во Полициската станица Центар, од Јавната установа за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение – Скопје било пријавено дека од установата се оддалечил Ч.С.(15). Се преземаат емрки за пронаоѓање на лицето.

На 03.06.2021 во 20.30 часот во Полициската станица Центар, К.С. пријавила дека во 14.30 часот на ул.„Даме Груев" четири лица со закана од нејзиниот син одзеле паричник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.06.2021 околу 04.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека неколку лица со употреба на силна влегле во казино на ул.„Ангел Динев" и одзеле сеф и каса со пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.06.2021 околу 07.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Орце Николов" две лица со закана од малолетник одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.06.2021 полициски службеници од Полициската станица Штип го лишиле од слобода Е.А.(19) од Штип затоа што во два наврати, на 02.06. и 03.06.2021 ред продавница на ул.„Черења" во Штип, каде дала насобрана поголема група на граѓани, од неговото патничко моторно возило „ауди"од огнено оружје испукал неколку куршуми. Во врска со случајот на службен разговор се повикани повеќе лица, а запознаен бил и Јавен обвинител и се работи на целосно комплетирање на случајот, по што против Е.А. ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 04.06.2021 околу 06.30 часот на клучка Велес во правец на Свети Николе, полициски службеници забележале патничко возило „сеат алтеа" со скопски регистарски ознаки за кое постоеле сознанија дека е претходница во случај на крипчарење на мигранти. Откако тргнале по возилото, полициски службеници забележале друго возило „ауди а8" без регистарски ознаки кое поминало покрај нив со голема брзина. По кратко време возилото „ауди" било пронајдено во близина на с.Сарамзалино, општина Лозово и во него биле пронајдени 13 лица мигранти од Пакистан. За настанот бил запознаен Јавен обвинител и по негова насока дел од мигрантите ќе бидат сместени во Прифатниот центар за странци во Гази Баба, а дел во транзитниот центар во Гевгелија. С епреземаат мерки за расчистување на случајот.